# ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Оваа инструкција овозможува еднообразност во постапувањето пред царинските органи како и поголема правна сигурност на сите учесници во постапката.

Сета стока што се става во царинска постапка мора да биде опфатена со царинска декларација за таа царинска постапка. Царинската декларација во писмена форма се поднесува на образецот на Единствен царински документ (ЕЦД) пропишан со Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

Царинска декларација може да поднесе секое лице кое е во состојба да ја стави на увид предметната стока или да наложи истата да се стави на увид на надлежниот царински орган, а истото лице во царинската декларација е посочено како декларант. **Декларант е лице кое поднесува царинска декларација во свое име или лице во чие име се поднесува царинска декларација**.

**Со**гласно член 5 од Царинскиот закон, секое лице може да определи застапник што ќе го застапува пред царинскиот орган заради спроведување на дејствија и формалности пропишани со царинските прописи. Застапувањето пред царинскиот орган може да биде:

- **директно, кога застапникот превзема дејствија во име и за сметка на друго лице (во име и за сметка на увозникот или извозникот) или**
- **индиректно, кога застапникот превзема дејствија во свое име, но за сметка на друго лице (во свое име, а за сметка на увозникот или извозникот).**

Согласно Правилникот за пополнување на ЕЦД, при застапување во рубрика 14 од ЕЦД-то се запишува соодветната ознака. Кога декларантот е и увозник/извозник (декларантот настапува во свое име и за своја сметка), пред неговиот даночен број се запишува **[1]** и во овој случај практично и **нема застапување**, бидејќи увозникот/извозникот сам постапува пред царинските органи.

Во согласност со член 5 став 3 од Царинскиот закон е предвидено дека застапникот мора да изјави пред царинскиот орган дека презема дејствија за сметка на лицето кое го застапува, да наведе дали застапувањето е дирекно или идирекно и да биде овластен да презема дејствија како застапник. ***Лицето кое нема да изјави пред царинскиот орган дека презема дејствија во име или за сметка на друго лице, или кое ќе изјави дека презема дејствија во име или за сметка на друго лице без да биде овластено за тоа, се смета дека презема дејствија во свое име и за своја сметка***. Кога шпедитерот не е увозник/извозник, односно кога шпедитерот е декларант и презема дејствија во свое име и за своја сметка (случај кога нема застапување), во рубрика 14 од ЕЦД-то, пред називот и адресата на

декларантот/застапникот се запишува **[1].** Согласно член 216 став 3 од Царинскиот закон, кога декларантот настапува во свое име и за своја сметка, односно кога нема застапување, царински должник е тој самиот.

Во овој случај бидејќи шпедитерот е декларант кој постапува во свое име и за своја сметка тој истотака е **царински должник и е одговорен за плаќањето на царинскиот долг како и за плаќање по дополнителна пресметка на царинскиот долг (член 243 од ЦЗ) во рок од пет години од настанување на истиот.** Шпедитерот односно декларанот истотака е одговорен и за евентуалните царински прекршоци. Тоа значи дека во случај на дополнителна наплата решението донесено во управна постапка, ќе гласи на име на шпедитерот, а не на увозникот. Во случај на покренување на прекршочна постапка согласно член 109 од ЗЦ истата се започнува против шпедитерот.

Во согласност на член 74 став 2 од ЦЗ за постапките на увоз за облагородување и привремен увоз, шпедитерот НЕМОЖЕ да презема дејствија во свое име и за своја сметка бидејќи прифатената царинска декларација наметнува одредени обврски на одредени лица. При поднесување на декларацијата мора да се поднесе од тоа лице или за сметка на тоа лице.

Кога станува збор за директно застапување пред даночниот број на застапникот се запишува **[2]**. Во ваков случај застапникот настапува во име и за сметка на увозникот/извозникот. Ова значи дека **декларант е всушност увозникот/извозникот**.

Во случај на индиректно застапување пред даночниот број на застапникот се запишува **[3]**. Ова значи дека застапникот пред царинскиот орган настапува во свое име, а за сметка на увозникот/извозникот. Во овој случај **декларант е застапникот**.

**Утврдувањето на декларантот во секој конкретен случај е битно од аспект на уврдување на тоа кој е должник. Согласно член 216 од Царинскиот закон, при пуштање на стока во слободен промет или ставање на стока во постапка на привремен увоз со делумно ослободување, должник е декларантот. Кога имаме индиректно застапување, должник исто така е и лицето за чија сметка е поднесена царинската декларација, увозникот/извозникот.**

Запишувањето на соодветните бројки во рубрика 14 претставува информација за видот на застапувањето.

Со поднесување на царинската декларација, согласно член 109 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, потпишана од декларантот или неговиот застапник, декларантот или застапникот станува одговорен за :

- точноста на податоците дадени во царинската декларација
- веродостојноста на приложените документи и
- придржување кон сите обврски кои се однесуваат на ставањето на предметната стока под одредена царинска постапка.

Застапникот треба да изјави (да достави полномошно) пред царинскиот орган дека превзема дејствија за сметка на лицето кое го застапува, да наведе дали застапувањето е директно или индиректно и да биде овластен да превзема дејствија како застапник. Лицето кое нема да изјави пред царинскиот орган дека превзема дејствија во име и за сметка на друго лице, или кое ќе изјави дека превзема дејствија во име и за сметка на друго лице без да биде овластено за тоа, се смета дека превзема дејствија во свое име и за своја сметка.

**Идентификувањето на декларантот, односно на застапникот се врши преку правилно пополнување на рубриките 14 и 54 од ЕЦД.**

**Примери за пополнување на рубрика 14 и рубрика 54 на ЕЦД:**

- Назив на увозник/извозник: "ЕКСПОРТ-ИМПОРТ" од Скопје со даночен број: 4030992190590
- Назив на застапник: "ШПЕД" од Скопје со даночен број: 4050000000001

## Случај 1

-(Пример кога нема застапување - увозникот/извозникот е **декларант** (постапува во свое име и за своја сметка)):

*Пополнување на рубрика 14:*

Ознаката "**[1]**" задолжително се пополнува во во царинската декларација во писмена форма но не е задолжителна во електронскиот запис.

*Полнување на рубрика 54:*

**14** Декларант/Застапник Бр. 4030992190590
[1] " ЕКСПОРТ-ИМПОРТ "- СКОПЈЕ

Оваа рубрика ја пополнува декларантот "ЕКСПОРТ-ИМПОРТ".
Се запишува место и датум на поднесување на декларацијата, како и име, презиме и потпис на лицето кое е овластено за потпишување кај декларантот.
Декларантот ја оверува оваа рубрика со печат.

**54** Место и датум:
ЕКСПОРТ-ИМПОРТ
Скопје, 02.03.2006 год.
Име и презиме и потпис на декларантот / застапникот
Весна Поповска

-(Пример кога нема застапување - шпедитерот е **декларант** (постапува во свое име и за своја сметка)):

*Пополнување на рубрика 14:*

**14** Декларант/Застапник Бр. 4050000000001

[1] " ШПЕД "- СКОПЈЕ

Ознаката "**[1]**" задолжително се пополнува во во царинската декларација во писмена форма но не е задолжителна во електронскиот запис. Бидејќи не е поднесено предвиденото полномошно ознаката "**[1]**"го идентификува шпедитерот како декларант и се пополнува без оглед на тоа кое лице е увозник или извозник

*Полнување на рубрика 54:*

**54** Место и датум:

ШПЕД

Скопје, 02.03.2006 год.

Име и презиме и потпис на декларантот / застапникот

Маневски Драган

Оваа рубрика ја пополнува шпедитерот "ШПЕД" кој настапува како декларант.
Се запишува место и датум на поднесување на декларацијата, како и име, презиме и потпис на одговорното лице.

**Случај 2** (Пример кога увозникот/извозникот ополномоштил застапник кој **ДИРЕКТНО** ќе го застапува):

*Пополнување на рубрика 14:*

**14** Декларант/Застапник Бр. 4050000000001

[2] " ШПЕД "- СКОПЈЕ

[1] " ЕКСПОРТ-ИМПОРТ " - СКОПЈЕ

Ознаката "**[2]**", како и ознаката "[1]" со податоците за увозникот/извозникот задолжително се пополнуват во царинската декларација во писмена форма, но не се задолжителни во електронскиот запис.

*Полнување на рубрика 54:*

**54** Место и датум:

ШПЕД

Скопје, 02.03.2006 год.

Име и презиме и потпис на декларантот / застапникот

Одобрение бр: 156/2006

Лиценца бр: 05/2006

Маневски Драган

Оваа рубрика ја пополнува застапникот "ШПЕД" кој директно го застапува увозникот/извозникот.
Се запишува место и датум на поднесување на декларацијата, како и име, презиме и потпис на лицето кое има добиено царинска лиценца за вршење на работи за застапување кај застапникот.
Исто така се запишува:
- бројот/годината на одобрението за вршење на работи за застапување на застапникот, и
- бројот/годината на царинската лиценца за вршење на работи за застапување на лицето кај застапникот.

Застапникот ја оверува оваа рубрика со печат.

**Случај 3** (Пример кога увозникот/извозникот ополномоштил застапник кој **ИНДИРЕКТНО** ќе го застапува):

*Пополнување на рубрика 14:*

**14** Декларант/Застапник Бр. 4050000000001

[3] " ШПЕД "- СКОПЈЕ

[1] " ЕКСПОРТ-ИМПОРТ " - СКОПЈЕ

Ознаката "**[3]**", како и ознаката "[1]" со податоците за увозникот/извозникот задолжително се пополнуват во царинската декларација во писмена форма, но не се задолжителни во електронскиот запис.

*Полнување на рубрика 54*

**54** Место и датум:

ШПЕД

Скопје, 02.03.2006 год.

Име и презиме и потпис на декларантот / застапникот

Одобрение бр: 156/2006

Лиценца бр: 05/2006

Маневски Драган

Оваа рубрика ја пополнува застапникот "ШПЕД", кој индиректно го застапува увозникот/извозникот.
Се запишува место и датум на поднесување на декларацијата, како и име, презиме и потпис на лицето кое има добиено царинска лиценца за вршење на работи за застапување кај застапникот.
Исто така се запишува:
- бројот/годината на одобрението за вршење на работи за застапување на застапникот, и
- бројот/годината на царинската лиценца за вршење на работи за застапување на лицето кај застапникот.

Застапникот ја оверува оваа рубрика со печат.

**При поднесување на царинска декларација застапникот треба до секоја поединечна царинската испостава кеде што ќе врши царинење да достави два примероци на оригинално полномошно.** Царинската испостава го евидентира полномошното во посебна книга за евиденција.

Книгата за евиденција треба да ги содржи следниве податоци:

- реден број;
- датум;
- давател на пономошното;
- вид на застапување (директно или индиректно);
- застапник.

Едниот заверен примерок од полномошното му се враќа на застапникот, а другиот заверен примерок од полномошното се чува во евиденцијата во царинската испостава по реден број заедно со извод од Решението или Информацијата од Централниот регистар на Република Македонија од кој се утврдува идентитетот на лицата овластени за застапување (управител, директор, претседател на УО, прокурист и сл.). Решението или Информацијата од Централниот регистар не треба да бидат постари од 6 месеци. Доколку полномошното го потпишало лице кое е различно од лицата наведени во Решението или Информацијата кон документацијата се приложува и се задржува дополнително полномошно со кое лицето овластено за застапување го овластува тоа лице да го потпише полномошното. За заверено се смета она полномошно кое има реден број од книгата за евиденција, датум, шифра на царинската испостава, потпис на царинскиот службеник и печат од соодветната царинска испостава.

Во полномошното во делот А, кој што го пополнува давателот на полномошното, **треба јасно да биде наведено кои овластувања давателот на полномошно му ги дава на застапникот**. Оние овластувања кои што давателот на полномошното не сака да му ги даде на застапникот, не треба воопшто да бидат наведени во полномошното.

Откако оригиналното полномошно еднаш ќе биде заведено во царинската испостава повеќе не е потребно кон секоја царинска декларација да се поднесува оригинал од тоа полномошно. Во прилог на секоја царинска декларација се приложува само копија од полномошното кое е веќе заведено во царинската испостава без останатите пропратни документи.

**Завереното полномошно во една царинска испостава застапникот може да го поднесува само во таа царинска испостава.**

Полномошното задолжително мора да ги содржи следниве елементи:

- назив на давателот на полномошното (увозник/извозник)
- назив на лицето кое застапува пред царинските органи (шпедитер)
- да се наведе дали застапувањето е директно или индиректно

- податоци за давателот на полномошното и тоа:

  - доколку давателот на полномошното е физичко лице задолжително мора да бидат наведени име, презиме, адреса и матичен број на лицето кое го дава полномошното и во прилог на истото да се достави копија од лична карта.

  - доколку давателот на полномошното е правно лице се наведува назив, адреса, даночен број, полно име и презиме на управителот како и негов потпис, а во прилог на полномошното се доставува фотокопија од решение или извештај од Централниот регистар на Република Македонија од кое се утврдува идентитетот на лицата овластени за застапување (управител, директор, претседател на УО, прокурист и сл.). Доколку полномошното го потпишало лице кое е различно од лицата наведени во Решението или Информацијата кон документацијата се приложува дополнително полномошно со кое лицето овластено за застапување го овластува тоа лице да го потпише полномошното.

При пополнување на рубрика 44 како шифра за полномошното се запишува Р96 и еведентниот број од царинската испостава ( на пример: 05/2006).

Во прилог на оваа инструкција се доставуваат обрасците на полномошна кои во иднина треба да ги применуваат Царинарниците.

Примената на ова упатство започнува од 01.06.2006 година. Упатствата Бр. 07-3999/1 и Бр. 07-3999/2 од 2006 год. престануваат да важат.